Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-312/11
25.08 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-312 од 04.12.2019 поднесена од [redacted] од Скопје инспектор раководител на смена во [redacted] ГР Север, против Министерство за внатрешни работи за сторена дискриминација врз основ на политичко уверување во областа на работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 25.08.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичко уверување во област на работните односи од страна на Министерство за внатрешни работи врз [redacted] од Скопје.

## Образложение

На 04.12.2019 до Комисијата за заштита од дискриминација е доставена претставка за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување од страна на [redacted] од Скопје, инспектор раководител на смена во [redacted] за ГР Север, против Министерство за внатрешни работи. Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон, односно истите ќе бидат преземени и завршени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителката наведува дека врз неа е извршена повеќекратна, повторена и продолжена дискриминација врз наведената основа во областа на работните односи од страна на Министерство за внатрешни работи. Подносителката смета дека е дискриминирана поради суштинска повреда на постапката која резултирала со донесување на Решение за распоредување на пониско работно место. Таа тврди дека Решението е донесено без докази против нејзе, дека не биле земени во предвид доказите од нејзина страна и со еднакво внимание не биле испитувани и утврдени фактите кои одат во нејзин прилог што претставува политички прогон на неистомисленици.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 25.05.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување со барање за произнесување по наводите од претставката до Министерство за внатрешни работи и тоа на 25.05.2021 до Началник на РЦ за ГР-Север-[redacted] на 06.07. 2021 достави Известување со барање за дополнување до Началник на РЦ за ГР- Север-[redacted], на 06.07.2021 достави Известување со барање за дополнување до Началник на [redacted] при РЦ за ГР Север-[redacted].

Исто така, за точно утврдување на фактичката состојба Комисијата од подносителката на претставка побара да достави дополнителни докази и тоа:
-Копија од заверена судска потапка по истиот предме,
-Копија од постапувањето на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

-Да наведе компаратор за некој друг за кој во иста или слична постапка е постапувано поповолно во однос на подносителката
-и доколку се има обратено до некој друг државен одран, за истиот предмет да ни достави копии од нивните одлуки и решенија.

На 19.07.2021 Министерство за внатрешни работи, Началникот на РЦ за ГР-Север достави поднесок за произнесување по наводите во претставката. На 18.08.2021 Биро за јавна безбедност, Началникот на [redacted] при РЦ за ГР Север достави поднесок за произнесување по наводите во претставката.

По разгледувањето на поднесоците за произнесување од потенцијалниот дискриминатор, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација увиде дека против подносителката на претставка биле поведени два предлога за покренување на постапка бидејќи истата сторила кршење на работниот ред и дисциплина во повеќе наврати и тоа:

Началникот на РЦ за ГР Север, поднел Предлог бр. 24-525/1 од 15.02.2019 за покренување постапка против [redacted] за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина, поради што именуваната постапила спротивно на член 208 став 1 точка 10 и 21 од Колективниот договор на МВР.

Началникот на РЦ за ГР Север, против подносителката поднел Предлог бр.24-628/1 од 28.02.2019 поради кршење на работниот ред и дисциплина согласно член 208 став 1 точка 10 од Колективниот договор на МВР. Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност при оддел за гранични работи и миграции заради целисходност на постапката, извршила спојување на постапките.

Имено, на ден 07.12.2018 полицискиот службеник [redacted] во просториите на дежурната служба во [redacted] Скопје, додека извршувала работни задачи, во присуство на началникот на [redacted], се обратила кон полицискиот службеник [redacted] со зборовите „Сега со промената на името на државата ќе се викаш СевероВесна". Подносителката недолично сè однесувала спрема нејзините колеги, притоа упатувајќи навредливи зборови, застапувајќи ставови во нејзините коментари.

На ден 21.12.2018 подносителката на претставка се јавила на началникот [redacted] и побарала да биде ослободена од работни обврски на ден 22.12.2018 за што и било одговорено дека нема да може да биде ослободена од причина што во [redacted] имало лице кое е под посебни мерки за безбедност и треба да биде обезбедено. По кратко време, подносителката повторно се јавила кај началникот при што тој во присуство на полициски службеници [redacted], [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] го вклучил интерфонот на телефонот со намера сите да слушнат како истата му се обраќа при што подносителката на претставка на началникот му упатила навредливи зборови и клетви. До Комисијата се поднесени своерачно потпишани изјави од службените лица [redacted] бр.24.5-1/1123 од 24.12.2018 , [redacted] бр.24.5-1/1124 од 24.12.2018, [redacted] бр.24.5-1/1133 од 25.12.2018 , [redacted] бр.24.5-1/1134 од 25.12.2018 и [redacted] бр. 24.5-1/1136 од 24.12.2018 со кои што го потврдуваат горенаведеното.

Покрај наведеното, против подносителката на ден 11.01.2019 до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди била поднесена претставка бр.14.3.1-65/1 од 11.01.2019 во врска со нејзините кометари и поради непрофесионално постирање на постови на социјалната мрежа Фејсбук од нејзиниот личен профил, каде што постирала политички ставови, коментари со кои се шири говор на омраза и верска нетрпеливост кон останатите верски заедници и со што го нарушува угледот на МВР на РСМ и за кои што подносителката потврдила дека сите постови се од нејзин личен профил, кои таа лично ги има постирано.

Од извршените проверки и обавени разговори Одделот за внатрешна контрола и криминалистички истраги и професионални стандарди констатирала дека [redacted] постапила спротивно на Упатството за начинот на користење на социјални мрежи од страна на работниците во МВР(член 2 и член 4), постапила спротивно на Кодексот на полициска етика член 16, сторила потежок случај на кршење на работниот ред и дисциплина предвиден во член 208 т10 од Колективниот договор на МВР.

Заради сето горенаведено Комисијата констатира дека МВР на 14.08.2019 година донела Решение со кое што [redacted] е распределена на работно место во едно ниво пониско од нивото на работно место на кое дотогаш работела, согласно Квалификацијата на работните места, поради потешко кршење на дисциплина на начин што постапувала спротивно на правилата и прописите на МВР, основа, раководи, застапува, претставува политичка партија, членува во органите на партијата утврдени со нејзиниот статус, изразува и застапува партиски ставови и убедувања во вршењето на работните задачи, носи и истакнува партиски симболи во просториите или во службени возила на Министерството, партиски се организира или дејствува во Министерството, со што постапила спротивно на одредбите од член 208 став 1 точки 10 и 20 од Колективниот договор на МВР, а во врска со член 187 став 1 точки 10 и 21 од Законот за внатрешни работи. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката, поднесоците за произнесување на потенцијалниот дискриминатор и важечката законска регулатива, констатира дека не е извршена дискриминација по основ на политичка припадност.

Имајќи предвид дека подносителката на претставката била распределена на работно место во едно ниво пониско од нивото на работно место кое дотогаш работела врз основа на дисциплинска постапка спроведена од страна на дисциплинска Комисија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека станува збор за спор од работен однос. Токму затоа, не постои повреда на Законот за спречување и заштита од дискриминација кој укажува на тоа дека е забрането дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Земајќи ги предвид горенаведените прашања, Комисијата не утврдува акт или дејствие на дискриминација од страна на Министерството за надворешни работи врз некоја од законските дискриминаторски основи според чл.5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
25.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
1. Министерство за внатрешни работи-Наќалник на [redacted] ГР Север, [redacted]
2. Министерство за внатрешни работи-Началник на РЦ за Гр-СЕвер [redacted]
3. [redacted]
4. Архива на КСЗД